## Анкета за инфлациските очекувања

**Анкетата за инфлациските очекувања** опфаќа три групи испитаници: економски аналитичари, претпријатија и финансиски институции. Притоа, анкетниот прашалник содржи две прашања за мерење на инфлациските очекувања, едното со квалитативен, а другото со квантитативен карактер. На првото прашање за инфлациските очекувања испитаниците ги посочуваат насоката и степенот на промени на цените во споредба со промената во претходните 12 месеци[1]. Притоа, за мерење на квалитативните одговори се применува пристапот на веројатност на Карлсон и Паркин (1975), според кој се претпоставува дека при доволно голем број испитаници, очекуваната промена на цените е распределена нормално кај популацијата. На второто прашање, од испитаникот се бара прецизно да ја определи очекуваната просечна стапка на промена на цените во наредните две години[2]. Притоа, вкупната очекувана стапка се пресметува како обичен просек од одговорите на сите испитаници. Вака пресметаниот показател е корисен за добивање сознанија во поглед на насоката на движење на очекувањата на испитаниците.

Графикон 1.Нормална распределба на одговорите на испитаниците




Анкетата за инфлациските очекувања беше спроведена во јуни 2017 година[3]. За разлика од претходните анкетни циклуси, **просечната стапка на инфлација за претходниот 12-месечен период[4] влезе во зоната на позитивни промени. Притоа, резултатите од Анкетата укажуваат на задржување на умерена стапка на инфлацијата и во следниот 12-месечен период**. Очекувањата за позитивна стапка на инфлација се карактеристични за сите три групи испитаници (економски аналитичари, претпријатија и финансиски институции).

**Во однос на квантитативното прашање за очекуваната стапка на инфлација за 2017 и 2018 година, инфлациските очекувања на испитаниците за 2017 година се повисоки за 0,4 п.п., додека за 2018 година се повисоки за 0,5 п.п. во однос на очекувањата во претходниот анкетен циклус.**

[1] Квалитативното прашање за очекувањата гласи: „Во споредба со изминатите 12 месеци, каква промена очекувате кај потрошувачките цени во следните 12 месеци? а) ќе имаат побрз раст; б) ќе растат со тековната динамика; в) ќе растат побавно; г) ќе останат речиси непроменети; д) ќе се намалат; ѓ) тешко е да се одреди".

[2] Прашањето со квантитативен карактер гласи: „Кои се Вашите очекувања/прогнози за просечната стапка на инфлација во 2017 и 2018 година?".

[3] Процентот на респонзивност на Анкетата спроведена во јуни изнесува 17,9% што, во споредба со претходниот квартал, преставува намалување на респонзивноста. Гледано по групи испитаници, кај финансиските институции респонзивноста е 38,9%, потоа следуваат претпријатијата со 19,6% и економските аналитичари со 10%.

[4] Се однесува на периодот јуни 2016 година до мај 2017 година.